Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ И ДРУГИТЕ ПРОПИСИ И АКТИ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“**

Се прогласува Законот за објавување на законите и другите приписи и акти во „Службен весник на Република Македонија“,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јули 1999 година.

Број 07-3102/1
21 јули 1999 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ И ДРУГИТЕ ПРОПИСИ И АКТИ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“**

Член 1

Со овој закон се уредува објавувањето на законите, другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“, како и издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Македонија“.

Член 2

Објавувањето на законите и другите прописи, акти и издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Македонија“ е од јавен интерес.

Член 3

Во „Службен весник на Република Македонија“ се објавуваат:

1. Уставот на Република Македонија, закони, автентично толкување на закони, пречистени текстови на закони што ги утврдува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, Репубичкиот буџет и завршната сметка на буџетот, просторниот план на Републиката, меѓународни договори, Деловникот на Собранието на Република Македонија, одлуки, декларации, резолуции, препораките на Собранието на Република Македонија, заклучоци и другите акти на Собранието на Република Македонија за кои тоа ќе одлучи да се објават во „Службен весник на Република Македонија“;

2. Указите за прогласување на закони, указите за поставување и отповикување на амбасадорите и пратениците на Република Македонија во странство и на други лица утврдени со закон, актите за именување и разрешување на носители на државни и јавни функции утврдени со Уставот и со закон, како и други акти на претседателот на Републиката за кои тоа е определено со закон и актите за кои претседателот на Републиката ќе одлучи да се објават во „Службен весник на Република Македонија“;

3. Уредбите, одлуките, упатствата, решенијата и Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, како и другите акти и заклучоците на Владата на Република Македонија за кои таа ќе одлучи да се објават во „Службен весник на Република Македонија";

4. Правилници, наредби, упатства, решенија и други акти за кои со закон се овластени да ги донесуваат министрите кои раководат со министерствата, како и функционерите кои раководат со другите органи на управата и организации утврдени со закон, како и други акти за кои тие ќе одлучат да се објават во „Службен весник на Република Македонија";

5. Одлуките, решенијата и други акти на Уставниот суд на Република Македонија и актите на правосудните органи за кои тоа е определено со закон;

6. Прописите на Народната банка на Република Македонија и на другите правни лица кога со нив, врз основа на овластувања утврдени со закон, се уредуваат односи од јавен интерес во областа на нивната дејност;

7. Колективни договори;

8. Акти на фондовите и заводите и

9. Исправки на законите и другите прописи.

Член 4

Законите и другите прописи и акти се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија" во текстот што го донел доносителот на актот.

Член 5

За објавување на законите и другите прописи и акти на Собранието на Република Македонија се грижи секретарот на Собранието на Република Македонија.

За објавување на прописите и другите акти на претседателот на Републиката се грижи службата на претседателот на Република Македонија.

За објавување на прописите и другите акти на Владата на Република Македонија се грижи секретарот на Владата на Република Македонија.

За објавување на прописите и другите акти на министрите кои раководат со министерствата и функционерите кои раководат со другите органи на управата и организациите утврдени со закон, се грижи секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Македонија.

За објавување на колективните договори се грижи органот што го овластиле субјектите што го склучиле.

За објавување на другите акти се грижи органот, односно организацијата што го донела.

Налог за објавување на законите и другите прописи и акти дава одговорното лице кое се грижи за објавувањето на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија".

Член 6

Законите и другите прописи и акти се објавуваат по правило во првиот нареден број на „Службен весник на Република Македонија" ако се доставени за објавување во пропишаниот рок.

Член 7

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.

Член 8

„Службен весник на Република Македонија" се издава на македонски јазик и на неговото кирилско писмо.

Денот на излегувањето на „Службен весник на Република Македонија" е датумот означен на „Службен весник на Република Македонија".

Член 9

Во „Службен весник на Република Македонија‟ покрај законите и другите прописи и акти од член 3 на овој закон можат да се објавуваат и огласи, објави, повици и други текстови чие објавување не е утврдено со закон.

Член 10

Во „Службен весник на Република Македонија‟ се објавуваат без надоместок законите, другите прописи и акти за кои е определено со овој или друг закон задолжително да се објавуваат.

Во „Службен весник на Република Македонија‟ се објавуваат со надоместок акти, разни објави, повици, огласи и други текстови.

Член 11

Работите од јавен интерес од член 2 на овој закон ги врши Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија - Скопје (во натамошниот текст: Јавно претпријатие).

Јавното претпријатие, покрај работите од став 1 на овој член, врши и издавање на Регистарот на прописите на Република Македонија, организира единствен информативен мрежен систем на сеопфатни информации на закони, подзаконски и други прописи и акти што се во сила во правниот систем на Република Македонија за потребите на органите на државната власт.

Јавното претпријатие врши и издавачки работи (издавање на книги, збирки на прописи, часописи и други видови изданија), ако вршењето на тие работи не го попречува издавањето на службеното гласило „Службен весник на Република Македонија‟.

Член 12

Јавното претпријатие должно е податоците од законите и другите прописи и акти да ги чува како службена тајна додека не се објават.

Член 13

Над работењето и организацијата на јавното претпријатие се применуваат прописите за јавните претпријатија доколку со овој закон поинаку не е определено.

Член 14

Средствата за работа на Јавното претпријатие се обезбедуваат од приходи од своето работење и тоа од претплатата и продажната цена на „Службен весник на Република Македонија‟; надоместоци за извршени услуги; приходи од издавачка дејност и од други извори.

Член 15

Органи на Јавното претпријатие се: Управен одбор, Одбор за контрола на материјално-финансиското работење и директор.

Член 16

Управниот одбор се состои од седум члена кои ги именува и разрешува Владата на Република Македонија и тоа четири члена од редот на афирмирани научни и стручни лица, а три члена се именуваат од редот на вработените, на предлог на Советот на вработените на Јавното претпријатие.

Членовите на Управниот одбор се именуваат за време од четири години.

Член 17

За вршење на контрола на материјално-финансиското работење во Јавното претпријатие се формира Одбор за контрола на материјално-финансиското работење составен од пет члена.

Членовите на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење ги именува и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години.

Член 18

Со работата на Јавното претпријатие раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години.

Директорот на Јавното претпријатие по својата функција е и одговорен уредник на службеното гласило „Службен весник на Република Македонија".

Член 19

За издавање на службено гласило „Службен весник на Република Македонија" во Јавното претпријатие се основа издавачки совет.

Издавачкиот совет го сочинуваат претставници од вработените во Јавното претпријатие и претставници од Владата на Република Македонија кои се именуваат од редот на истакнати лица од областа на издавачката дејност.

Член 20

Надлежностите, организацијата и работењето на органите на Јавното претпријатие, како и други прашања од значење за работењето на Јавното претпријатие поблиску се утврдуваат со Статутот.

Член 21

Со денот на влегувањето во сила на овој закон постојната Новинско издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија - Скопје продолжува да работи како Јавно претпријатие од член 11 на овој закон, а Владата на Република Македонија ги презема основачките права во него.

Член 22

Со денот на влегувањето во сила на овој закон имотот со кој располага постојната Новинско издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија - Скопје станува државна сопственост.

Член 23

Вработените, средствата, правата и обврските на постојната Новинско издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија - Скопје ги презема Јавното претпријатие.

Член 24

Конституирањето на органите на Јавното претпријатие определени во овој закон ќе се изврши во рок од 20 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Статутот на Јавното претпријатие од член 20 на овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на конституирањето на Управниот одбор на Јавното претпријатие.

Член 25

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за објавување на законите и другите републички прописи и општи акти („Службен весник на СРМ" бр. 43/80) и Законот за Новинско издавачката работна организација Службен весник на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 43/80).

Член 26

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ И ДРУГИТЕ ПРОПИСИ И АКТИ ВО "СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во "Службен весник на Република Македонија",

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 јуни 2002 година.

Бр. 07-2496/1
18 јуни 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ И ДРУГИТЕ ПРОПИСИ И АКТИ ВО "СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"**

Член 1

Во Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во "Службен весник на Република Македонија" ("Службен весник на Република Македонија" број 56/99), во членот 8 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Законите се објавуваат и на друг службен јазик и писмо што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои припаѓаат на заедниците во Република Македонија".

Ставот 2 станува став 3.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".